| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воден сообраќај |
| **Содржина на денот** | Ајде да патуваме |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Утринска гимнастика.<br>-Вежби за правилно дишење. |
| **Активности** | Преку слики и разговор го воведувате детето во активноста и ги збогатувате неговите искуства и знаења за водениот сообраќај. Детето се потсетува на претходни искуства кога било на летување и сл. и видело брод, чамец, кајче итн. Детето треба да ги именува и опишува превозните средства во водениот сообраќај. Потоа може да разгледате и прочитате некоја сликовница поврзана со водениот сообраќај доколку имате во домот, или пак да го гледа детето видеото со цртаниот филм „Немо“. Од празна картонска кутија со ножици и лепило можете да му помогнете на детето да изработи „Брод“ или со четка и темперни бои да нацрта „Море и брод“ по Ваш избор во договор со детето. |